# Што е пулмонарен (белодробен) артериски катетер?
## What is a Pulmonary Artery Catheter?

Пулмонарен артериски катетер, познат и под името Swann-Ganz катетер, е специјално направен катетер наменет да дава информации за крвта и срцето. Катетерот има способност да го покажува притисокот во крвните садови и на белите дробови и на левата и десната страна на срцето. Овој катетер може, исто така, да даде проценка за количеството на течност или крв што е во циркулација и за тоа како пумпа срцето.

## Како работи?
## How does it work?

Пациентите во Одделението за интензивна нега често пати имаат пореметувања од висок степен во функцијата на срцето и белите дробови како второстепена појава на критична болест, тешка траума (повреда) или високо ризична операција. Пулмонарниот артериски катетер обично се користи за пациенти чија што состојба е нестабилна, за критично болни пациенти со срцеви и/или белодробни пореметувања, пациенти кои имале високо ризична операција и некои пациенти со операција на срце. Катетерот е дијагностичко средство што му помага на докторот да го одреди најдобриот третман за пациентот.

## Дали има некакви компликации?
## Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

## Дали имате некакви прашања?
## Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.



